Врз основа на член 17 став 1, член 20 став 1 алинеја 1 и член 25 од Законот за судска служба (Сл.Весник на РМ бр. 43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18) и Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл. Весник на РМ бр. 236/18 од 24.12.2018 година) и согласноста од Министерот за финансии бр. 08-892/4 од 13.12.2021 година, Вишиот управен суд, на ден 23.12.2021 година објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/21**
**За вработување судски службеници на неопределено време, за следните работни места:**

1. **Судски администратор – Категорија А, Ниво А-2 – шифра на работно место СУД0101А02001 - 1 (еден) извршител**

Посебни услови за работно место утврдени согласно чл.9 ст.3 од Закон за судска служба и со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Вишиот управен суд

Стручни квалификации:
- Стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правен факултет и положен правосуден испит.

Работно искуство:
- Најмалку 6 години работно искуство во струката по положен правосуден испит.

Посебни работни компетенции:
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Напомена: Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник - дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Нето платата на судскиот службеник ќе изнесува 40.501,00 денари. Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот; Работни денови: од Понеделник до Петок.

2. **Помлад судски соработник - Категорија В, ниво В-4, шифра на работно место СУД0101В04001– 2 (два) извршители**

**Посебни услови:**

- Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет

Работно искуство:

- Не е потребно работно искуство во струката

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Напомена: Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник - дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Нето платата на судскиот службеник ќе изнесува 24.268,00 денари. Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот; Работни денови: од понеделник до петок.

3. **Виш судски референт за обработка на документација – дактилограф, Категорија Г, ниво Г-2, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител**

**Посебни услови:**

- најмалку Више или средно образование од соодветна област,

Работно искуство:

- Најмалку 2 години работно искуство

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Напомена: Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник - дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Нето платата на судскиот службеник ќе изнесува 18.188,00 денари. Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот; Работни денови: од понеделник до петок.

4. **Референт - доставувач, Категорија Г, ниво Г-3, шифра на работно место СУД 0101Г03002 – 1 (еден) извршител**

**Посебни услови:**
- најмалку Више или средно образование од соодветна област

Работно искуство:

- Најмалку 1 години работно искуство

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

Напомена: Кандидатите за судски службеници во постапката за вработување преку јавен оглас, активното познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), ќе го докажуваат со полагање испит за судски службеник - дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски).

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Нето платата на судскиот службеник ќе изнесува 17.289,00 денари. Работни часови неделно: 40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30; Дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот; Работни денови: од понеделник до петок.

**Напомена за сите работни места предвидени во огласот:**

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со Пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во Вишиот управен суд од приемна писарница или да ја симнат од веб страната на судот http://www.sud.mk/wps/portal/vusskopje.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Кон пријавата кандидатите кои се пријавуваат на огласот за работно место **1. Судски администратор** задолжително ги доставуваат доказите за податоци внесени во истата:
- уверение најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен
- уверение за положен правосуден испит
- доказ за работно искуство
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци)
- лекарско уверение за општата здравствена состојба (не постаро од 6 месеци)
- уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци)
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Кон пријавата кандидатите кои се пријавуваат на огласот за работно место **2. Помлад судски соработник** задолжително ги доставуваат доказите за податоци внесени во истата :
- уверение најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен
- доказ за работно искуство
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци)
- лекарско уверение за општата здравствена состојба (не постаро од 6 месеци)
- уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци)
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Кон пријавата кандидатите кои се пријавуваат на огласот за работно место **3. Виш судски референт за обработка на документација – дактилограф** и **4. Референт - доставувач** задолжително ги доставуваат доказите за податоци внесени во истата :
- свидетелства за завршено средно образование
- уверение за повисок степен на образование доколку поседува
- доказ за работно искуство
- уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци)
- лекарско уверение за општата здравствена состојба (не постаро од 6 месеци)
- уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци)
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Се напоменува дека кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка, согласно член 2 став 3 алинеја 2 од Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на

нивно бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл. Весник на РМ бр. 236/18 од 24.12.2018 година).

Пополнетата пријава заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови (за стручните квалификации, работното искуство и посебните работни компетенции) кандидатите се должни да ги достават непосредно преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака за Оглас бр.1/21, на следната адреса: ул. Никола Парапунов, бр.31, Скопје

**Рокот за пријавување трае 20 (дваесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (не сметајќи го денот на објавувањето).**

Пријавените кандидати на јавниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за селекција на судски службеник, на интернет страницата на Виш управен суд.